| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и пролетта |
| **Содржина на денот** | Снежана и седумте џуџиња |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема правилно одржување на хигиената на рацете по користење на тоалет, по игрите, пред и по секој оброк, по допирање на миленичиња итн. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор со детето за приказните, неговата омилена сликовница, омилен лик итн. Потоа, од сликовниците кои ги имате дома, дозволете му на детето самостојно да избере која ќе ја читате. Додека го читате текстот, детето нека ја прелистува сликовницата. Потрудетете се изразно да читате, со менување на интонацијата на гласот, со цел на детето да му биде интересно и активно да слуша. Разговарајте за содржината на сликовницата, ликовите, нивните постапки, дејството... Доколку има непознати зборови за детето, објаснете му ги. Бидејќи сликовницата е првата книга со која малата личност се среќава, нејзиното значење е огромно. Кај децата се буди интерес кон пишаниот збор, со прераскажување на содржината се развиваат творечките говорни способности, се насочува воочување на врските меѓу деловите, елементите на сликите, и секако се развива и се зајакнува детската фантазија и имагинација. Мотивирајте го детето самостојно да прераскажува, да вербализира и да користи целосни реченици. Користете прашања од типот „Што најмногу ти се допадна ?“, „Зошто ?“, „Кога најмногу се израдува ?“, „Дали некој дел ти се допадна посебно ?“ итн, и на тој начин ќе го поттикнете детето активно да учествува во повторување на фабулата. |

| | |
|---|---|
| | Сликовницата „Снежана и седумте џуџиња“ е посебно интересна за децата од оваа возрасна група, заради динамиката на дејството, ликовите, нивните позитивни и негативни карактеристики, пресвртите кои се случуваат итн.<br>Активноста можете да ја продолжите со цртање на дел од сликовницата која на детето му оставил најсилен впечаток, или доколку кај детето постои интерес , за драматизација на приказната.<br>Во прилог користена литература : сликовница „Снежана и седумте џуџиња“- Браќа Грим, издание Култура Скопје |